РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-751/2
02-04-2026

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по електронска пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата на 29-та седница одржана на 10.03.2026 година ја донесе следната

## Одлука

Постапката по предметот со број 08-925/1 од 26.02.2025 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-925/1 од 26.02.2025 година да се затвори и архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 08-925/1 од 26.02.2025 година е оформен по електронска пријава поднесена од непознат подносител, за неподнесување на Изјава за имотна состојба и интереси од страна на лицето ______________ по избор на функцијата ВД Директор во ______________.

Поради проверка на наводите од пријавата и утврдување на фактичка состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата изврши увид во Административната алатка на ДКСК , по што констатира дека лицето ______________ нема поднесено Изјава за имотна состојба и интереси до ДКСК.
Од образецот за доставување на податоци за Регистарот за избрани и именувани лица доставен од страна на ______________ се утврди дека ______________ на 09.01.2025 година бил избран на функција ВД Директор во ______________.
Имајќи го предвид горенаведеното, Државната комисија изврши увид во сопствената евиденција и констатира дека лицето ______________ во законски предвидениот рок по

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

избор на функцијата ВД Директор во ___________________ не поднело Изјава за имотна состојба и интереси, со што постапил спротивно на одредбите од член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и сторил прекршок казнив по член 109 став 1 алинеја 1 од истиот закон.

За констатираниот прекршок, Државната комисија издаде Прекршочен платен налог со бр.08-925/11 од 30.10.2025 година до сторителот на прекршокот и направи обид за уредна достава и по два обиди лицето не ја подигна пратката.

Со оглед на тоа што постапката за порамнување не беше успешна, ДКСК поднесе барање за поведување прекршочна постапка до Прекршочната комисија на ДКСК. Прекршочната комисија донесе Решение со бр.14-433/4 од 12.02.2026 година со кое сторителот _________________ го прогласи за одговорен.

ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај и одлучи како во диспозитивот на одлуката.

Претседател

Адем Чучуљ

**Изготвил:** К.Б, помлад соработник
**Контролирал:** м-р Н.Т-М, раководител на одделение
**Согласен:** К.З, раководител на сектор
**Одобрил:** Б.Ц, член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk